КОНЕКТ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за 2015 година

Скопје, јуни 2016

## Прочитајте


I. За Конект ... 2

II. Конект во 2015 низ бројки ... 4

III. Филантропија ... 5

Нови публикации за паметно донирање ... 6

Законска рамка ... 7

Обуки за граѓански организации и институции ... 8

Интернет поддршка ... 8

Конференција за филантропија ... 9

Донаторски календар ... 10

Волонтерство ... 11

IV. Социјално претприемништво ... 12

V. Унапредување на општествената одговорност ... 13

Експертски обука за бизнисите ... 13

Училишен проект на ЕВН Македонија ... 15

VI. Конект поврзува ... 16

VII. Го шириме кругот ... 16

Активности во регионот ... 16

VIII. Глобален договор на Обединетите нации ... 17

Известување за вклученост ... 17

# I. За Конект

Веруваме дека Македонија има потенцијал да се развива потпирајќи се на локални ресурси и капацитети. Се стремиме да изградиме општество во кое граѓаните и претпријатијата активно ќе се вклучуваат и преку донации, волонтирање и сопствена одговорност ќе придонесуваат за рамномерен одржлив развој на заедниците. Веруваме дека граѓанските организации се природен партнер на граѓаните и претпријатијата во остварувањето на оваа визија. Следствено, се стремиме да развиваме одржливи партнерства помеѓу граѓанскиот, приватниот и јавниот сектор.

Од 2008ма, Конект го поттикнува и промовира приватното донирање и општествената одговорност насочени кон ефективен и долгорочен развој на Македонија. Сметаме дека филантропијата и општествената одговорност не претставуваат само редистрибуција на ресурсите, туку се моќна алатка за развој која нуди придобивки за граѓанските организации, бизнисот, животната средина и за заедниците.

Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е неминовен начин на водење бизнис што обезбедува одржлив развој како на бизнисот, така и на општеството. Имено, кога ООП се интегрира во бизнис стратегијата, му овозможува на претпријатието зголемена продуктивност, иновативност и долгорочен одржлив развој.

Работиме со и за:

- Бизнисите (компании и мали и средни претпријатија);
- Индивидуалци и семејства што донираат;
- Непрофитни субјекти: граѓански организации и социјални претпријатија;
- Јавните институции.

**Главни полиња за работа**

- Општествена одговорност на претпријатија (ООП);
- Филантропија;
- Социјална економија;
- Волонтерство;
- Одржлив развој.

**Имаме експертиза за** (*избор*):

- Стратешко обмислување на општествената одговорност на претпријатија;
- Стратешка индивидуална и корпоративна филантропија;
- Истражување во полињата на работа;
- Развој и анализа на јавни политики;
- Социјално претприемаштво и градење капацитети во овој домен;
- Градење капацитети и техничка помош за институции, претпријатија и граѓански организации (ГО);
- Овозможување и олеснување на меѓу-секторни партнерства;

## Како ја оствaруваме мисијата?

- Ги поттикнуваме поединците и семејствата да донираат мудро и обмислено;
- Ги поддржуваме деловните субјекти, без оглед на големината, да донираат и вложуваат во заедницата стратешки и со долгорочно влијание;
- Ги поттикнуваме на луѓето насекаде низ Македонија да ги осмислат своите донации – и малите донации кога се здружени можат да променат многу;
- Ја подигнуваме свеста за потенцијалот на филантропијата и општествената одговорност да постигне вистинско влијание во општеството.
- Ја промовираме, поттикнуваме и поддржуваме општествената одговорност на претпријатијата.

## Што правиме?

- Директни консултации и услуги на претпријатијата, поединците и нивните семејства;
- Застапуваме за законска рамка и опкружување кое ќе ја поттикнува филантропијата и општествената одговорност на претпријатијата;
- Изготвуваме анализи, истражувања и извештаи;
- Споделуваме добри практики и споредбени искуства;
- Им даваме поддршка на непрофитните субјекти (здруженија на граѓани, фондации, јавни институции итн) за тоа како да бидат доверливи приматели на донации;
- Го поддржуваме градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции и заедниците.

## Во 2015та Конект е:

- Секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации[1] ;
- Претставник на локалните мрежи на Глобалниот договор од Источна Европа во Локалната советодавна група на ГД;
- Членка на Националниот совет за развој на волонтерството[2];
- Заменик член на Националното координативно тело за ООП на РМ;
- Член на Локалната советодавна група на Проектот за техничка поддршка за граѓанските организации (ТАКСО);
- Контакт центар на Регионалната мрежа за ООП на мали бизниси во Централна, Јужна и Источна Европа формирана од UNIDO[3];
- Членка на Американската стопанска комора во Македонија (AmCham).

## Активностите во беа спроведени во рамки на проекти поддржани од:

- Европската Унија (проект: Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на граѓанските организации)
- Други странски донатори: Амбасадата на САД , RRPP (Шведската агенција за развој и соработка).
- Министерството за економија на РМ
- Корпоративни донатори

[1] United Nations Global Compact
[2] Во 2015 Извршната директорка на Конект е Претседателка на НСРВ
[3] United Nations Industrial Development Organization

## II. Конект во 2015 низ бројки

Во 2015 одржавме **6** обуки и го зајакнавме капацитетот на **106** лица од граѓански организации и социјални претприемачи, **16** лица од институции и **45** претстсвници/чки на бизнис секторот. Организиравме **9** настани на коишто учествуваа над **387** лица од нашите засегнати страни. Координиравме проект што вклучи **537** ученици во **24** основни училишта од **20** општини. Продуциравме: **4** публикации и **2** летоци – вкупно **13.500** примероци печатен материјал на македонски и албански јазик.

Преку нашите кампањи со над **68** медиумски објави и **9** видеа допревме до над **12.000** граѓанки и граѓани. Јавно предложивме **12** паметни идеи за донирање. Се стремиме кон повеќе ...




| Извори на приходи во 2015 година | Износ (во денари) |
|---|---|
| Проект финансиран од ЕУ - ИПА ТАИБ 2009 | 1.063.784,00 |
| Проект финансиран од ЕУ - ИПА ТАИБ 2011 | 5.915.236,00 |
| Проект финансиран од Регионалната програма за поддршка на истражувањата во Западен Балкан (РРПП) | 1.520.681,00 |
| ЕВН Македонија "Училишен проект" | 3.203.937,00 |
| Проект финансиран од Македонски центар за меѓународна соработка - Acquis на балканското граѓанско општество | 148.078,00 |
| Проект финансиран од Македонски центар за меѓународна соработка - Унапредување на социјалниот дијалог | 309.035,00 |
| Донација од Глобален договор на Обединети нации | 78.776,00 |
| Проект финансиран од Центар за филантропија | 82.125,00 |
| Услуги | 303.000,00 |
| Министерство за економија - последна рата од претходно завршен заеднички проект | 202.233,00 |
| Други приходи (курсни разлики, материјални донации, камати итн.) | 279.158,00 |
| Префлени средства од 2014 година | 5.213.719,00 |
| **Вкупно** | **18.319.762,00** |




Вкупните приходи во 2015 година изнесуваа 18.319.762 денари, а расходите 7.024.364 денари. Разликата во најголем дел се јавува поради проектни средства префрлени кон крајот на годината чии активности ќе се реализираат во 2016 година.

Во организацијата беа вработени три лица со полно работно време. Месечната бруто плата на извршната директорка изнесува 96.630 денари. Таа не прима додатоци на платата од Конект по било кој друг основ. Односот помеѓу најниската и највисоката плата во организацијата изнесува 1:2,98, додека помеѓу просечната и највисоката плата 1:1,57.

Погледнете го деталниот финансиски извештај на Конект за 2015 на следниов <<ЛИНК>>

## III. Филантропија

Нашиот концепт за паметно донирање широко го промовиравме во 2015та. Кога зборуваме за паметно донирање, пред сè мислиме на планирање, кое треба да го даде одговорот на прашањето „Како мојата донација најдобро ќе придонесе во решението на проблемот и ќе го подобри животот во заедницата?“.

Конект ја поттикнува стратешката индивидуалната и корпоративната филантропија насочена кон решавање на проблемите и нивните причини, наместо кон ублажување на последиците. Во оваа насока, посочуваме дека граѓанските организации се природниот партнер на граѓаните и бизнис заедницата преку коишто тие можат да извршат промена во заедниците во кои живеат и делуваат. Затоа, нашата работа е насочена кон креирање на услови за одржлив развој на граѓанските организации и градење на нивните капацитети за поврзување со локалните донатори и поддржувачи.

Се трудиме да допреме до корпоративните донатори, но и до индивидуалците и да покажеме дека и малите донации кога ќе се здружат знаат да направат промена. Во 2015 интензивно го промовиравме нашиот систем за поддршка за корисниците на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности и го објаснувавме нашиот концепт за паметно донирање.

## Нови публикации за паметно донирање

Публикациите што во 2015та Конект ги издаде се насочени кон: 1) истражување на состојбите во врска со соработката меѓу граѓанските организации и бизнис секторот; 2) олеснување на имплементација на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности; 3) предлози за менување на законската рамка врз база на докази. Публикациите за издадени во рамки на проектот: „Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на граѓанските организации“ финансиран од ЕУ, а спроведен во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Центарот за даночна политика (ЦДП). Секоја публикација е испечатена во 500 примероци на македонски и албански јазик, а дел од нив се достапни и на англиски.



*“Истражување на ставовите и верувањата и практиките за прибирање на ресурси и соработка помеѓу граѓанските организации и приватниот сектор и анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања во законот за донации и спонзорства во јавните дејности“* Национално (квантитативно и квалитативно) истражување во врска со корпоративата филантропија и соработката на граѓанскиот и бизнис секторот. Кост-бенефит анализа подготвена од ЦДП.



*Упатство за спроведување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности“* Прирачник кој е лесен за користење и ги содржи сите потребни информации за донаторите, спонзорите и примателите што го користат Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Публикацијата е подготвена со ЕЦНЛ и вградува најчести прашања на корисниците како и препораки од институциите.



*“Рамка за спроведување и следење на законот за донации и спонзорства“* Публикацијата содржи стручно развиена матрица/рамка за спроведување и следење на законот за донации и спонзорства). Дополнително се развиени низа урнеци и формулари наменети за користење од страна на различни институции со ингеренции во спроведувањето на законот.



*“Коментари на Законот за донации и спонзорства вклучувајќи ги и измените од 2014 година “*

Пишуван во форма на краток документ за осврт кон јавни политики, оваа публикација содржи експертски коментари развиени со ЕЦНЛ за промените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности од 2014. Публикацијата е наменета за застапување и содржи препораки за иден развој на законската рамка.

## Законска рамка




Ставови на репрезентативен примерок од 459 компании.

Погледни го целото истражување на овој **<< линк>>**

Измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности се важен фактор што се очекува во иднина дополнително да ја зајакне филантропијата во Македонија. Продолживме да застапуваме за законска рамка што ќе овозможи олеснето донирање и придонесовме за полесна имплементација на законот.

Нашите истражувања и анализи потврдија дека често законот не се ползува од корисниците и дека неговите измени би придонеле за полесно користење на даночните бенефиции од корпоративните донатори и граѓаните. За да ја олесниме примената и следењето на имплементацијата на постојното законско решение, за институциите изготвивме рамка за следење и спроведување на законот со придружни урнеци. Дополнително, во 2015 остваривме 7 средби со релевантните институции на кои обезбедивме техничка помош за спроведувањето на законот и планирањето на измените во законот и подзаконските акти.

Како придонес за идните измени во соработка со нашите партнери од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ)- Будимпешта издадовме коментари на законот. Аргументацијата за идентификуваните потреби од измени се темелеше на претходни анализи, истражувањето за соработката меѓу бизнисите и граѓанските организации, како и анализата на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања во законот што ја изготви нашата партнерска организација Центар за даночни политики Скопје.

## Обуки за граѓански организации и институции

Тој што не бара, не добива. Да пренесеме знаење за тоа како граѓанските организации да прибираат средства од локалната заедница е многу важен дел од нашата работа. Во 2015 продолживме со серија обуки за тоа како граѓанските организации да го најдат вистинскиот бизнис донатор. Работилници за мобилизирање ресурси од бизнис секторот се одржаа во Тетово (13.03.2015), Битола (19.03.2015), Струмица (07.04.2015). Со овие обуки во 2015 година 69 претставници на ГО се стекнаа со знаења за тоа како да бидат доверливи партнери во прибирањето ресурси од бизнисите и граѓаните. Учесниците ја искористија можноста да добијат директен совет од претставници на бизнис секторот кои беа дел од тимот обучувачи.

Ги обучувавме и институциите. На 22.05.2015 во Скопје се одржа интерактивна работилница за институции кои се вклучени во имплементацијата на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. 16 претставници на институциите се запознаа со измените од претходната година и споделија практични искуства.

## Интернет поддршка



Во 2015 www.donirajpametno.mk стана важна платформа за граѓанските организации, граѓаните, бизнисите што донираат и институциите. Тие таму на едно место можат да добијат сè што им е потребно за примена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности (урнеци, формулари, калкулатори на даночни бенефиции, практични публикации итн).

Освен како ресурсен центар, платформата содржи и практични совети од експерти и бизнисмени како одговор на прашања поставени од граѓански организации и граѓани. Интерактивните алатки овозможуваат поставување на дополнителни прашања за коишто Конект го наоѓа вистинскиот одговор.

Платформата [donirajpametno.mk]() е и одличен извор за едукација за граѓанските организации. Во 2015 продуциравме и објавивме 8 видеа со совети за: [даночните олеснувања на законот](); [формите на соработка меѓу бизнисот и граѓанскиот сектор](); [пронаоѓањето бизнис донатор](); [ подготовка на писмо]() и [состанок ]()со потенцијален бизнис поддржувач; организирање [специјални настани](); активности [по добивање донација](). За граѓанските организации беше полезно да се видат и совети од бизнис секторот за тоа [како треба да се пристапи на корпоративните донатори](). Овој метод на пристапни брзи совети се покажа како практичен и видеата имаа над 1000 прегледи во 2015та.










Платформата ја промовиравме и пошироко помеѓу граѓаните и граѓанските организации. Преку дневни весници беа поделени 10.000 летоци за промоција на македонски и албански јазик. Дополнително, издадовме и памфлет за граѓанските организации со најважни корисни совети за што да прават, а што да избегнат кога им пристапуваат на бизнисите за да добијат поддршка од нив. Памфлетот се испечати во 500 примероци на македонски и албански јазик.

## Конференција за филантропија

Конференцијата за филантропија беше најголем настан што го организиравме во 2015та. Се одржа на 11.06.2015 во едукативниот центар М6. На едно место се собраа 85 претставници на институции, бизниси, граѓански организации и странски донатори кои се согласија дека за паметно донирање неопходна е поголема соработка меѓу граѓанските организации и бизнисот.

Тематски поделен во три дела, настанот се состоеше од панел дискусии кои опфаќа: соработка меѓу граѓанските организации и бизнис секторот во насока на надминување на социјалните предизвици; дискусија за Законот за донации и спонзорства во јавните дејности; и мобилизирање на ресурси од бизнис секторот. Се поттикна дијалог за моменталните состојби со филантропијата во земјата, а говорниците од странство (Бугарија, Унгарија и Србија) ги споделија и своите искуства.





За да ги опфатиме и оние што не можат да присуствуваат, настанот се пренесуваше во живо на социјалните медиуми. Дополнително, медиумите покажаа интерес што брои над 35 објави. Снимка од конференцијата е достапна на следниот [<<линк>>]

## Донаторски календар

По петти пат во 2015та во соработка со „Теа Модерна“ го подаривме донаторскиот календар за сите оние што сакаат на направат нешто добро во текот на годината. Редовно го користевме како потсетник со идеи што покажуваат дека и со малку може да се направи промена ако донацијата оди во прави раце. Секој месец низ целата година споделувавме идеи на социјалните мрежи и блогот на Конект. На тој начин промовиравме над 12 граѓански организаци како одговорни приматели на донации и поддршка.




Прочитајте го донаторскиот календар за 2015та на следниот <<линк>> и донирајте.

*„Како една од основачките на Конект редовно ја следам нивната работа и бев навистина пријатно изненадена од нивната идеја да подготват донаторски календар. Тоа ми остана само како добра идеја во главата се додека не го видов објавен во списанието „Теа модерна“. Многу ми се допадна и изгледот и фактот дека со речиси никаков напор можеше лесно да стапиш во контакт со оние на кои сакаш да им помогнеш. Јас се решив за Дневниот центар за деца од улица во Шуто Оризари. Не уплатив пари туку се слушнав со нив, ги прашав што најчесто им треба на децата, па со сопругот им однесовме еден пакет со храна, млеко и хигиенски материјали. Потоа уште еднаш, овој пат и со син ми, им однесовме играчки кои тој не ги користи веќе како и книги и храна. Сакав да ги види тие деца кои немаат ништо. Оттогаш си ги чувствувам за свои, учествувам во акции кои ги организираат за помош и поддршка и дури убедив еден член на нашиот Програмски одбор надоместокот што го добива да го намени за нив.“*

**Кристина Хаџи-Василева**

*Членка на Собранието на Конект*

## Волонтерство

Конект е членка на Националниот совет за развој на волонтерството (НСРВ). Во текот на 2015 Извршната директорка на Конект претседаваше со НСРВ.




Конект овозможи техничка и логистичка поддршка на седниците и активностите на НСРВ. Една од централните активности на НСРВ е промоција на волонтерството преку организирање на национална награда за волонтерство. Конект го поддржа администрирањето на повикот за наградите и неговата широка дистрибуција низ мрежите на организатори на волонтерска работа и волонтери. За потребите на наградите во 2015та беше изработен ре-дизајн на статуетките со доброволен придонес Конект. Церемонијата на доделување на наградите се одржа во рамки на Националниот форум „Граѓански ангажман и волонтерството“ во организација на Цивика мобилитас што се одржа на 4.12.2015 во МКЦ, Скопје. Во рамки на програмата на настанот Конект учествуваше и во дебатата „Hands on matters“. Во рамки на дискусијата се промовираше волонтирањето, неговите начела и бројни придобивки што тоа ги носи за волонтерите и за заедницата. Стана збор и за предизвиците и се истакна дека е важна заедничката работа на институциите и граѓанските организации за да го поттикнат волонтерството насочено кон решавање на проблемите и предизвиците на заедниците.

Конект учествуваше на регионалната конференција „Волонтирање и законска рамка – добри практики и ЕУ стандарди“ што се одржа од 15- 17.12.2015 во Црна Гора. Конференцијата е организирана од ЕУ проектот TACSO (Техничка поддршка за граѓански организации) под покровителство на Министерството за труд и социјална политика на Владата на Република Црна Гора.



## IV. Социјално претприемништво

Во 2015та година посветено придонесувавме и за развојот на социјалното претприемништво. Концептот на користење на претприемачки вештини за градење на позитивни промени во заедницата базирани врз вредности е сврзан за нашата мисија.

Активностите во најголем дел беа насочени кон истражување на локалниот контекст, историското наследство и постојните состојби во Македонија и најдобрите практики во Европа. Заклучоците од ваквите истражувања и анализи ќе ги искористиме за застапување во процесот на градење на политиките и дефинирање на законската рамка што во моментов е во нацрт фаза. Паралелно работевме на градење на капацитетите на постојните и идните социјални претприемачи, како и на промовирање на придобивките на социјалното претприемништво и разбирањето на значењето на социјалната економија.




Со поддршка од Министерството за економија Конект организираше две еднодневни практични работилници за социјално претприемништво во Скопје (23.02.2015) и Гостивар (24.02.2015). Со ова со знаење од областа се стекнаа 37 претставници на постојни и потенцијални социјални претпријатија, граѓански организации, како и студенти. Дополнително, беше одржана Информативна средба за социјално претприемништво во РМ што се одржа на 26.02.2015 во Скопје во Хотел ТЦЦ Гранд Плаза во која учествуваа говорници од институциите, социјалните претпријатија и класичниот бизнис сектор што ја поддржува оваа тематика. 75 заинтересирани претставници/претставнички од засегнатите страни подробно беа информирани за тематиката и се вклучија во дискусиите.

За да ја кренеме свеста за придобивките од социјалното претприемништво и знаењето за што тоа претставува, направивме разбирлив леток. Летокот беше испечатен во 1000 примероци на албански и македонски јазик што директно ги дистрибуиравме до заинтересираните. Преку промотивна кампања на социјалните медиуми успеавме информација за социјално претприемништво и неговите придобивки да допре до над 3.500 претставници на засегнати страни. Информацијата беше проследена и во 10 медиумски објави.



Дел сме од конзорциумот на регионалниот истражувачки проект “Предизвици и можности за вработување на маргинализирани групи во социјални претпријатија” имплементиран од: Реактор - Истражување во акција, Конект и Паблик од Македонија, Партнерс Албанија од Албанија и Центарот за мир и толеранција од Косово, а поддржан од Регионалната програма за поддршка на истражувања во Западен Балкан (RRPP). Во 2015 извршивме мапирање на постојните социјални претпријатија и пристапивме кон анализа што ги дефинираше нивните модели. Во 2015та се започна со истражување базирано на интервјуа со социјалните претпријатија. Дополнително, Конект изготви стручен осврт на социјалните претпријатија од перспектива на граѓанското општество. Имено ги идентификувавме моделите на социјални претпријатија што потекнуваат од граѓанското општество. Притоа го истраживме историскиот аспект анализирајќи ја правно-политичката средина во претходниот систем , по осамостојувањето на Македонија, па се до денес. Во овој процес направивме и длабински интервјуа со претставници на организации што постојат и повеќе од две децении обезбедувајќи континуитет на тоа што денес го нарекуваме социјално претприемништво. Во рамки на овој проект претставници на конкет учествуваа на конференции и настани за градење на капацитетите во регионот.

## V. Унапредување на општествената одговорност

Континуирано работиме на едукација на претпријатијата и соработка со нив со цел да поттикнеме ефикасно и долгорочно општествено влијание на претпријатијата и нивно активно вклучување во заедницата. Преку специјализирани решенија или постоечки добри практики им помагаме на фирмите да идентификуваат конкретните цели, стратегии и програми за успешна филантропија и ООП.

### Експертски обука за бизнисите

Во периодот од 30.03 до 03.04.2015 со поддршка на Амбасадата на САД бевме домаќини на г-а Лиса Мекилвена, експертка за општествена одговорност и заменик директор на Business in the Community од Северна Ирска. Во текот на нејзиниот престој таа оствари средби со претставници на граѓанскиот сектор, бизнис коморите, студенти и млади претприемачи и одржа повеќе предавања и работилници на тема општествена одговорност. Вкупно организиравме 6 настани, обуки и средби на коишто учествуваа 133 претставници од засегнатите страни. Особен интерес имаше за работилницата



Капитал | број 805 | 03.04.2015 www.kapital.mk

24 ИНТЕРВЈУ

Л

Лиса Мекилвена е пасиониран поборник на општествено одговорни бизниси и има докторирано општествена одговорност на претпријатијата на Queen's University во Белфаст. Верува дека бизнисот е, и треба да биде, алатка за добри дела. Таа ги предизвикува и ги поддржува бизнисите да бидат одговорни. Има советувано стотици организации за нивната активност за ООП, почнувајќи од мали, микро-организации до големи, глобални компании како што се BT, PricewaterhouseCoopers, Marks and Spencer, B/E Aerospace, Bombardier, Caterpillar и Citi. Во поширок контекст, Лиса има советувано организации во голем број земји, вклучувајќи ги Република Ирска, Англија, Романија и САД. Во Македонија дојде на покана на Здружението Конект, со поддршка на Амбасадата на САД.

За време на својот престој реализираше средби и работилници со компании, граѓански организации, млади претприемачи и студенти со кои размени искуства и сподели научени лекции и совети за општествено одговорност и начините на меѓусебна соработка за општо добро.

**Како наједноставно би ја опишале општествената одговорност на претпријатијата (ООП)?**

Постојат толку многу различни дефиниции за ООП, што понекогаш навистина може да дојде до забуна. Јас не мислам дека тоа мора да биде толку комплицирано. Во основа, станува збор за обврските на една организација коишто излегуваат надвор од рамките на остварувањето профит и почитувањето на законите, и коишто се насочени кон постигнувањето на некој вид на општествено добро. Во Business in the Community („Бизнис во заедница“), ние предлагаме овие одговорности да се поделат на три категории: луѓе, планета и место. Во сегментот „Луѓе“ станува збор за одговорностите на организацијата кон своите сегашни и идни вработени; „Планета“ се фокусира на одговорностите кон животната средина; а „Место“ ги вклучува одговорностите на организацијата кон заедницата во којашто работи. При тоа, не зборуваме за залудно давање пари. Се работи за начинот на кој организациите ги интегрираат ваквите одговорности како суштински дел од нивниот бизнис.

**Како компаниите можат да имаат придобивки од примена на општествено одговорни практики?**

Почнувајќи од подобрени профитни маржи,

ЛИСА МЕКИЛВЕНА
експерт за општествена одговорност

# ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ Е КЛУЧНА ЗА УСПЕХ ВО БИЗНИСОТ

Придобивките од општествената одговорност на претпријатијата се многубројни-почнувајќи од подобрени профитни маржи, преку зголемена продуктивност, па сè до намален број на отсуство од работа и подобар медиумски профил. Тие се разликуваат од една организација до друга, во зависност од фокусот на нивната активност. Меѓутоа, ако соодветните активности за општествена одговорност се спроведуваат како што треба, придобивките доаѓаат сами по себе.

креирање и менаџмент на проекти за општествена одговорност што се одржа на 31.03.2015 во хотелот Холидеј ин, Скопје. Настанот беше организиран во соработка со Американската стопанска комора АмЧам. На работилницата учествуваа 45 претставници и претставнички на претпријатија. Учесниците добија корисни совети и алатки за тоа како да ги одбираат и креираат своите проекти во доменот на општествената одговорност при што е потребно истите да ги поврзат со своите бизнис цели. Дополнително, се заклучи дека особено е важно да се има предвид влијанието што овие проекти го имаат на заедницата и на бизнисот.

Настаните беа следени од медиумите и побудија интерес. Беа објавени вкупно 22 вести, написи, интервјуа, ТВ појавувања и најави. Погледнете едно од интервјуата на следниот **<<линк>>**.




## Изготвување на предлог-политики за бизнис заедницата

Важен дел од општествената одговорност на компаниите е и начинот на кој тие застапуваат кај институциите за прашања релевантни за бизнис заедницата. Од аспект на ООП е важно застапувањето да се базира на издржани анализи и аргументација врз почитувајќи ги принципите на транспарентност и отчетност. Во оваа насока, и во 2015 година продолживме со поддршка на бизнис заедницата во креирање на предлог-политики базирани на постоечки анализи и консултации со пошироката бизнис заедница. Во рамки на ЕУ проектот „Јакнење на социјалниот дијалог“ спроведуван од Меѓународната организација на трудот, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка им помогнавме на организациите на работадавачи (Организацијата на работодавачи на Р.М. и Бизнис конфедерација на Македонија) да изготват пет документи - предлог-политики кои се базираат на ставовите и согледувањата на членството на овие две организации. Предлог-политиките се однесуваа на: претприемачката култура, лојална конкуренција, пристап до финансии, подобрување на правната и регулаторната средина и владеење на правото.

## Училишен проект на ЕВН Македонија

Веќе деветта година се спроведува Училишниот проект на ЕВН Македонија чијшто координатор е Конект, а го спроведуваат Центарот за енергетска ефикасност на Македонија (МАЦЕФ) од Скопје, Младински совет Охрид, Жетва на знаење од Прилеп и Еколошко друштво Планетум од Струмица. Проектот е доказ за тоа дека поврзувањето на ресурсите и целите на претпријатието, во синергија со знаењето и поврзаноста на граѓанскиот сектор со заедниците, поттикнува позитивни промени во општеството. Горди сме што до сега повеќе од 36.000 ученици низ земјава го зголемија своето знаење за: електричната енергија; различните видови и извори на енергија; мерките за заштита; потребите и начините за штедење на електрична енергија итн. Активностите им создаваат добри навики на учениците и грижливост за околината и домаќинството. Имаат можности и да го применат наученото и да ја зголемат свеста во нивните заедници преку обмислување и спроведување на кампањи за штедење на електрична енергија.

### Постигнувања

Учебна 2014/2015

- Формирани **12** секции во основни училишта од **8** општини
- Инволвирани **257** ученици

Учебна 2015/2016

- Формирани **12** секции во основни училишта од **12** општини;
- Инволвирани **280** ученици

Реализацијата на проектот се одвива во една училишна година од месец септември до месец мај. Во училишната година 2014/2015 беа реалзирани 180 работилници, 12 кампањи и отворени денови во училиштата и летна школа за средношколци. Како најголем настан кој ги заокружи сите активности од целата училишна година се одржа квиз на којшто ги покажаа своите знаења 70 ученици од 12те училишта вклучени во проектот. Во 2015та од започнавме да креирање на нова интернет страница што ќе служи за едукација на децата, родителите и наставниците.



## VI. Конект поврзува

Во нашето работење, особено внимание посветуваме на градењето на суштински и продуктивни меѓусекторски партнерства помеѓу претпријатијата и непрофитните организации, јавните институции, заедниците и индивидуалците. Веруваме дека ова е единствен начин за градење на вистински позитивни промени и во нашето работење го поттикнуваме овој дијалог и соработка.

Низ годините посредувавме за градење неколку вредни партнерства помеѓу граѓанските организации и бизнисите што делат слични вредности. На крајот од 2015та во партнерство со Business in the Community од Северна Ирска го започнавме проектот „Граѓанското општество посилно со бизнисот и граѓаните“ финансиран од ЕУ. Така, освен на градење на капацитетите на граѓанските организации и на бизнисите посветено ќе работиме на сервис кој директно ќе ги поврзува во партнерства што ќе градат промени во заедниците.

## VII. Го шириме кругот

Континуирано градиме соработка на регионално и меѓународно ниво. Со споделување се здобиваме со нови идеи и ги шириме нашите искуства и знаење. Тоа го правиме преку мрежите на коишто сме носители и членки, но и со директни активности за размена.

### Активности во регионот

Албанија, Босна и Херцеговина, Грузија, Ерменија, Косова, Молдавија и Србија – ова се земјите во коишто Конект во 2015 почна да го шири своето знаење во доменот на одржливот и мобилизирање локални ресурси.

Започнавме соработка со регионалната коалиција за заштита на децата „ChildPact“ (коалиција на национални коалиции на ГО) кои се посветени на идентификување и градење решенија за превенција и решавање на проблемите со детската ранливост. Улогата на Конект е да ги зајакне капацитетите на коалициите во овие 8 земји преку директна поддршка во обмислувањето и реализацијата на нивните стратегии за одржливост. За оваа цел се прават проценки на филантропскиот капацитет во земјите врз основа на што се формулираат приоди кон бизнис секторот. Дополнително имајќи ја предвид потребата пораките за детските права да допрат до што е можно поширок круг се работи на стратегии за вклучување на познати личности во кампањи. Со поддршка од „ѕвездите“ и преку соодветни материјали за кампања се очекува да се постигне значајно влијание на локалните заедници. Конект ја споделува својата експертза во сиве овие процеси и има улога на ментор на националните коалиции.



*Од публикација на ChildPact. Фото: Роксана Тодеа

## VIII. Глобален договор на Обединетите нации

Глобалниот договор на обединетите нации е најголемата светска иницијатива за општествена одговорност на претпријатија. Околу десетте принципи на оваа иницијатива поврзани се над 12.000 доброволни учесници од 170 земји во светот. Конект е секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор на Обединетите нации.

### Известување за вклученост

Согласно политиките за известување на Глобалниот договор на обединетите нации членките кои не припаѓаат на бизнис секторот имаат обврска да поднесат Известување за вклученост. Во рамки на својот извештај за 2015 Конект известува за својата вклученост во иницијативата и за поддршката на принципите на Глобалниот договор. Описот на горенаведените активности во најголем дел се поврзани со поттикнување на општествената одговорност и активно вклучување на бизнис секторот во непрофитни цели. Подолу се изнесени активности поврзани со работата на Конект како Секретаријат на мрежата.

*„Мисијата на Конект е тесно сврзана со имплементацијата на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите нации во областа на: човековите права,трудот, животна средина и борба против корупцијата. Во Конект со секој работен ден ја изразуваме континуираната поддршка, заложба, но и реална практика за зацврстување и примена на овие принципи.*

*Дел од идентитетот на Конект стана тоа што е Секретаријат на македонската мрежа на глобалниот договор. Нѝ претставува чест што ги координираме активностите на Мрежата и активно придонесуваме за нејзиниот развој.*

*Со своите активности и залагања Македонската мрежа придонесе за подигнување на свеста во бизнис заедницата и кај институциите дека сите подеднакво сме одговорни за примена на принципите на Глобалниот договор. Развојот на компаниите и развојот на заедницата се обврска на секој чинител и тој принцип ние се обидуваме да го прошириме, бидејќи само со заедничка и синхронизирана акција можеме да очекуваме долгорочен развој на сите сегменти од нашето живеење. “*

**Никица Кусиникова**
*Извршна директорка на Конект*
*Контакт лице на Македонската мрежа на ГД*

## Вклученост во Глобалниот договор на обединетите нации и негова промоција

Македонската мрежа на ГД е првата мрежа во земјата целосно посветена на подобрување на општествената одговорност. Формирана во 2004 година, Мрежата е активна повеќе од една деценија. Сочинета е од 48 компании, граѓански организации и други членови од кои 20тина со активно членство на меѓународно ниво. Секретаријат е Здружението Конект што како организација чијшто фокус е општествената одговорност на претпријатијата, активно работи на градењето на Мрежата и на промовирање на нејзините принципи. Како секретаријат на Македонската мрежа на глобалниот договор претставуваме контакт центар за членките; поттикнувач на активности и промотор на нејзините принципи.



На 25.12.2015 се одржа Годишната средба на Македонската мрежа на ГД со учество на 20 членки. За време на настанот се истакна значењето и предностите од спроведување и известување за активности од областа на општествената одговорност. Присутните разговараа за поврзаноста на принципите на ГД со Целите за одржлив развој на ОН. Учесниците ги планираа идните активности на мрежата и можностите за нивна одржливост.

Со цел промоција на принципите на ГД редовно сме присутни на настаните на членките на Мрежата поврзани со ООП. Така во 2015 ја поддржавме организацијата и активно се вклучивме во: настанот наменет за вклучување на засегнатите страни и презентација на Извештајот за напредокот на Фени Индустри Кавадарци, 10годишнината на РеМедика која беше посветена и на активностите во областа на ООП, како и настанот за партнерства на Цементарница Усје.

Во 2015 ги промовиравме принципите на Глобалниот договор и на социјалните мрежи. „FaceBook“ страницата на Мрежата веќе има над 300 следбеници.

## Вклученост во локални иницијативи поврзани со ООП и Глобалниот договор




Конект во својство на Секретаријат на Мрежата зеде активно учество во својство на говорник на дебатна средба во врска со резултатите од Париската конференција - COP21 организирана од Амбасадата на Франција во Скопје, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, Канцеларијата на УНДП и Здружението „Go Green - Биди Зелен“. Настанот се одржа на 15.12.2015 во Информативниот центар на Европската

Унија и придонесе за да се идентификуваат насоките за дејствување и начините за спроведување на предвидените мерки за адаптација во согласност со Националната програма за климатски промени на Македонија.

**Вклучување на бизнис заедницата во активности поврзани со ООП и Глобалниот договор**

Конект континуирано ги вклучува членките на Глобалниот договор на ОН и пошироката бизнис заедница во своите активности. Нашите активности (*погледнете го делот III, IV и V од овој извештај*) директно поврзани со корпоративна филантропија, ООП и градењето партнерства беа поддржани од бизнис заедницата како релевантна засегната страна. Дополнително, во своите активности за едукација на бизнис секторот (*види стр. 13-14*) секогаш се вклучени и аспектите поврзани со Глобалниот договор на ОН.

**Обезбедување на поддршка за Известувања за напредокот и вклученоста**

Редовно стоиме на располагање на членството за коментари и совети во врска со известувањето. Организиравме и консултации за поддршка за пишување на извештаите на 9 членки на мрежата.

**Учество на настани на Глобалниот договор**

Датум: јуни 2015
Настан: - XIII Годишен форум на локални мрежи
Програма: Дискусии за внатрешни организациски прашања/ презентации на најнови развојни трендови
Место: Њу Јорк, САД

Датум: октомври 2015
Настан: Глобалниот договор +15 – Конференција за иднината на корпоративната одржливост и Глобалниот договор во Европа
Програма: Учество на 23 мрежи од Европа/ дискусии за одржлив развој/ CoP 21T
Место: Берлин, Германија



Белешка: На настаните учествуваше Контакт лицето на Мрежата, Никица Кусиникова извршувајќи ги функциите претставник на Секретаријатот на Мрежата и Членка на Советодавната група на локални мрежи.



ул. „Владимир Полежиновски" 19-1/6,
1000 Скопје, Македонија
тел**:** +389 2 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk

www.konekt.org.mk
www.konekt.org.mk/blog
www.donirajpametno.mk
http://konekt.org.mk/volonterstvo/